**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во врска со член 17 став 4 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 5 став 1 точка 2, 3 и 4 и член 13 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19) и член 4 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за дополнување и изменување на Одлуката за општите услови за отворање и затворање сметки во Народната банка на Република Македонија

1. Во Одлуката за општите услови за отворање и затворање сметки во Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/16), во насловот на одлуката и во точката 1 од одлуката зборовите: „Народната банка на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Народната банка на Република Северна Македонија."

2. По точката 8 се додава нова точка 8-а, којашто гласи:

„8-а. По исклучок, Народната банка може да отвори сметки на меѓународни финансиски институции без поднесување барање и документација од точките 2, 3, 4, 5, 6 и 7 и без склучување договор од точката 8 на оваа одлука, доколку е определена како нивни депозитар согласно со закон."

3. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-15/VII-2/2019**
**25 јули 2019 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**